**Упатство за млади лица – потенцијални корисници на ваучери за обуки за дигитални вештини**

Млади лица можат да се јават како корисници на ваучери за обуки за дигитални вештини согласно Уредбата со законска сила за издавање на ваучери на млади лица за обуки за дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот за време на вонредната состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.157/20).

## Корисници на ваучери

Корисници на ваучери се млади лица, односно лица:

- државјани на Република Северна Македонија
- кои до 13 јуни 2020 година не биле постари од 29 години и
- имаат завршено најмалку средно образование.

Во зависност од нивото на eID кое корисникот го има на Порталот (основно, или ниско/високо, на начин дефиниран на Порталот; https://uslugi.gov.mk/e-id.nspx), за аплицирање за ваучер потребно е младото лице да поднесе различни документи како докази.

## Општи правила за ваучерите

Ваучери се издаваат само за обуките за дигитални вештини кои се запишани во Листата на даватели на обуки за дигитални вештини и обуки за дигитални вештини (во натамошниот текст: Листата). Листата е објавена на веб страната на Министерството за образование и наука:

http://mon.gov.mk/index.php/2014-07-23-14-03-24/vesti-i-nastani/3344-lista-na-davateli-na-obuki-za-digitalni-veshtini-i-obuki-za-digitalni-veshtini

Секој ваучер ги содржи следните елементи:

- име и презиме на корисникот на ваучерот
- единствен QR код
- рок на важење на ваучерот
- назив на обуката за дигитални вештини и назив на давателот на обука за дигитални вештини кој ја обезбедува обуката
- вредност на ваучерот и
- други корисни информации и инструкции за употреба.

Правила за ваучерите:

- едно лице може да добие еден ваучер
- еден ваучер се користи целосно само за една обука, што значи дека еден ваучер не може да се користи за две или повеќе обуки
- ваучерот може да го искористи само лицето на чие име гласи ваучерот
- доколку за некоја од обуките има поголем интерес од пријавениот број на млади лица – потенцијални корисници на ваучери кај еден ист давател на обуки за дигитални вештини, предност ќе имаат првопријавените кандидати
- ваучери се издаваат се додека не се потрошат средствата предвидени за оваа мерка
- корисниците на ваучери за обуки за дигитални вештини можат да ги искористат издадените ваучери во период од 15 август 2020 година до 15 декември 2020, кај давателот на обуки за дигитални вештини (односно во овој период да ја започнат обуката).

**Износ на ваучерот за обуки за дигитални вештини**

Ваучерот изнесува 50% од паричната вредност на обуката која корисникот има намера да ја посети, но не повеќе од 30.000 денари по корисник на ваучер, со вклучен ДДВ, што значи:

- за обуки со вкупна вредност до 60.000 денари, износот на ваучерот ќе изнесува 50% од вредноста на обуката
- за обуки со вкупна вредност од 60.001 денари или повеќе, вредноста на ваучерот ќе изнесува 30.000 денари.

Пример 1:

Корисникот посетува обука која чини 30.000 денари. Ваучерот изнесува 50% од цената, што значи дека ќе изнесува 15.000 денари.

Пример 2:

Корисникот посетува обука која чини 80.000 денари. Ваучерот би требало да покрие 50% од цената, што во овој случај е 40.000 денари. Сепак, поради ограничувањето на ваучерите на 30.000 денари, износот на ваучерот за оваа обука од 80.000 денари изнесува 30.000 денари.

**Поднесување на барање за ваучер**

Барањето за ваучер младото лице го поднесува преку Порталот во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Листата на даватели на обуки за дигитални вештини, преку поднесување на барање на една од двете услуги:

1. **Издавање на ваучери на млади лица за обуки за дигитални вештини (за профил на ниско ниво)**
2. **Издавање на ваучери на млади лица за обуки за дигитални вештини (за профил на основно ниво)**

Првата услуга е наменета за лицата кои имаат профил на ниско ниво на Порталот, додека втората е наменета за лицата кои имаат профил на основно ниво за порталот.

И **во двете услуги**, кон барањето, скенирано во pdf формат, **задолжително** се приложува доказ за завршено најмалку средно образование, односно: диплома за завршено средно образование, уверение за положени испити, диплома за завршено високо образование, и сл. **Незадолжителен** документ е доказ за промена на лично име.

Во втората услуга, која е наменета за исклучителни ситуации, потребно е да се достави скенирана лична карта (двете страни) или патна исправа и доказ за причина за нерегистрирање во базата на даночни обврзници (самоизолација, лица со попреченост и сл).

**Добивање на ваучерот**

Министерството за образование и наука го доставува ваучерот електронски до корисничкиот профил на Порталот на корисникот во рок од 5 дена од денот на кој младото лице го поднело барањето за ваучер.

**Начин на регистрација на Порталот со eID на ниско ниво**

1. **За млади лица кои се регистрирани во базата на даночни обврзници-физички лица на Управата за јавни приходи**

Младите лица кои се регистрирани во базата на даночни обврзници-физички лица на Управата за јавни приходи можат да се регистрираат на Порталот со употреба на истото корисничко име и лозинка со кои се регистрирани во УЈП.

Проверката во базата на даночни обврзници-физички лица се врши само ако младото лице одобри користење на неговите лични податоци содржани во базата на даночни обврзници-физички лица на Управата за јавни приходи.

По потврдувањето на идентитетот на младото лице на овој начин, лицето добива автоматски генерирана потврда во електронска форма. По извршената проверка на идентитетот на младото лице, за истото се создава кориснички профил на Порталот.

2. **За млади лица кои не се регистрирани во базата на даночни обврзници-физички лица на Управата за јавни приходи**

Младите лица потребно е да се регистрираат во базата на даночни обврзници-физички лица на Управата за јавни приходи. Регистрацијата се врши на следниот начин:

- Се пополнува образецот на барањето за регистрација на нов корисник, достапен на следниот линк: https://e-pdd.ujp.gov.mk/ppf/register.seam
- Пополнетото барање за регистрација ќе биде доставено на електронската адреса наведена во самиот образец, по што истото ќе треба да се испечати и да се поднесе во даночна канцеларија на УЈП, лично или преку полномошник.
- По доставата на барањето во даночната канцеларија на УЈП, Управата го евидентира младото лице во базата на даночни обврзници-физички лица.

Откако младото лице ќе го заврши процесот на регистрација во УЈП на овој начин, може да креира свој кориснички профил на Порталот со употреба на истото корисничко име и лозинка со кои се регистрирани во УЈП. (види **1. За млади лица кои се регистрирани во базата на даночни обврзници физички лица на Управата за јавни приходи**)

**Начин на регистрација на Порталот со eID на основно ниво**

За регистрација на основно ниво доволно е корисникот да се регистрира со корисничко име и лозинка (username - mail, password), без физички да се идентификува.

## ЧЕКОРИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ БАРАЊЕ ЗА ВАУЧЕР

**1. Ваучери за млади лица за обуки за дигитални вештини (профил на ниско ниво)**

Доколку имате профил на ниско ниво, најавете се и изберете ја услугата „Издавање на ваучери на млади лица за обуки за дигитални вештини (за профил на ниско ниво)“ и кликнете на Аплицирај. Ќе добиете електронска форма како на Слика 1, која ќе биде пренополнета со вашите податоци од профилот.




Слика 1: Електронски формулар (Дел 1)




Слика 2: Електронски формулар (Дел 2)

Избирате обука, давател на обука, и најавувате дали ќе прикачите Доказ за промена на лично име.




Slika 3: Избрана обука

Кликнувате на „Поднеси“, по што ќе ви се формира Барање за издавање на ваучер.




Слика 4: Барање за издавање на ваучер

По кликнување на „Потврди“, имате форма каде ги прикачувате документите. Ако не сте избрале Доказ за промена на лично име, истиот нема да биде побаран.




Слика 5: Прикачување на документи

По прикачување на сите документи, кликнувате на „Поднеси документи“. Со ова процесот е завршен.

**2. Ваучери за млади лица за обуки за дигитални вештини (профил на основно ниво)**

Доколку имате профил на основно ниво, најавете се и изберете ја услугата „Издавање на ваучери на млади лица за обуки за дигитални вештини (за профил на ниско ниво)“ и кликнете на Аплицирај. Ќе добиете електронска форма како на Слика 6, во која сите податоци ќе треба да ги внесете. Единствен податок кој ќе биде пре-пополнет е маил адресата од вашето корисничко име.




Слика 6: Електронска форма (Дел 1)


uslugi gov.mk

Поддршка | Подесувања

ПРОНАЈДИ УСЛУГА | ЖИВОТНИ НАСТАНИ | А-Ш | Е-УСЛУГИ | 3 ВАСЕ ПАНДЕВ | МК | EN | SQ

Издавање на ваучери на млади лица за обуки за дигитални вешт... | Барање за ВАСЕ ПАНДЕВ | Јазик МК

Барање

2 Документи

ПОДАТОЦИ ЗА МЛАДОТО ЛИЦЕ

Име: ВАСЕ

Презиме: ПАНДЕВ

ЕМБГ: 1604993490020

E-mail адреса: pandev.vase93@gmail.com

Назив на обуката

Давател на обука за дигитална вештина

Вредност на обуката со ДДВ

Вредност на ваучерот

Доказ за промена на личното име (Извод од матична книга на венчани, Потврда, Извод)

Согласен сум мојата е-маил адреса да биде обработена од страна на проектот MLADIHUB имплементиран од Национален младински совет на Македонија и МАСИТ, а со цел да бидам контактиран за идни можности за професионален ангажман во рамки на CareerHUB платформата

Зачувај | Поднеси

Слика 7: Електронска форма (Дел 2)

Избирате обука и давател, и најавувате дали ќе прикачите Доказ за промена на лично име.




Слика 8: Избрана обука

Кликнувате на „Поднеси“, по што ќе ви се формира Барање за издавање на ваучер.




Слика 9: Барање за издавање на ваучер

По кликнување на „Потврди“, имате форма каде ги прикачувате документите. Ако не сте избрале Доказ за промена на лично име, истиот нема да биде побаран.

За процесот да продолжи, неопходно е да ги прикачите сите задолжително документи.




Слика 10: Прикачување на документи

По прикачување на сите документи, кликнувате на „Поднеси документи“. Со ова процесот е завршен.